Институт за европска политика. Скопје

# Улогата на националните парламенти во Универзалниот периодичен преглед

# Улогата на националните парламенти во Универзалниот периодичен преглед

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Авторка:
Цветанка Александроска

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2023

Овој документ е подготвен во рамки на проектот „Заедничка акција за човекови права“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

Резиме....................................................................................4

Вовед.......................................................................................5

Режим за човекови права на
Организацијата на Обединетите нации........................6

Универзален периодичен преглед..................................7

Улога на националните парламенти во процесот.........9

Република Северна Македонија во Универзалниот
периодичен преглед.........................................................11

Примери на добри практики..........................................12

Заклучок и препораки.....................................................13

Извори....................................................................................14

# Резиме

Овој документ ја испитува улогата на националните парламенти во Универзалниот периодичен преглед (УПП), кој се одвива во рамките на режимот за човекови права на Организацијата на Обединетите нации (ООН). Документот нагласува дека режимот за човекови права на ООН служи како клучна рамка за нивна заштита и нивно унапредување и дека државните актери, меѓу кои и националните парламенти, имаат суштествена улога во спроведувањето и унапредувањето на стандардите за човекови права на национално ниво. Како клучна компонента на режимот за човекови права на ООН, УПП ги следи досиејата за човековите права на сите земји-членки на ООН и го олеснува конструктивниот дијалог за нив.

Понатаму, документот го нагласува зголемувањето на видливоста и влијанието на националните парламенти во процесот на УПП. Имајќи предвид дека нивната потенцијална улога претходно беше донекаде занемарена, националните парламенти се охрабруваат да се вклучат во процесот и можат да имаат клучна улога во секоја од фазите. Документот идентификува и неколку добри практики од различни земји, чии парламенти успешно се ангажирале во процесот на УПП.

Врз основа на анализата, документот нуди препораки за зајакнување на ангажманот на Парламентот на Република Северна Македонија во процесот на УПП. Препораките ја нагласуваат важноста на искористувањето на процесот на УПП за поттикнување на законодавни реформи и соработка со други чинители во државата, како што се граѓанските организации со цел да се промовираат човековите права, да се поттикне дијалог и дискусија и да се надгледува исполнувањето на обврските што произлегуваат од УПП.

# Вовед

Режимот за човекови права на ООН е суштинска компонента на меѓународниот правен систем, насочен кон заштита и промовирање на човековите права на глобално ниво. Режимот се потпира на соработка со државните актери, вклучително и националните парламенти, за да се осигури дека стандардите за човекови права се почитуваат и се спроведуваат. УПП е клучен механизам во рамките на режимот на ООН за човекови права, дизајниран да ги прегледа досиејата за човековите права на сите земји-членки на ООН и да поттикне конструктивен дијалог и ангажман за прашањата поврзани со човековите права.[1]

Националните парламенти имаат потенцијал да играат клучна улога во секоја фаза од процесот на УПП, придонесувајќи за значајни дискусии за прашањата за човековите права. Нивниот ангажман може да доведе до посеопфатни и поефективни национални одговори на препораките што произлегуваат од УПП.[2] Оттука, овој документ има цел да ја истражи улогата на националните парламенти во процесот на УПП и да идентификува некои добри практики што можат да го информираат и да го водат ангажманот на парламентот на Република Северна Македонија во овој механизам.

Така, првиот дел претставува преглед на режимот на ООН за човекови права, нагласувајќи ја неговата суштинска улога на глобално ниво, како и заедничката одговорност на државните актери, вклучително и националните парламенти, во почитувањето на стандардите за човекови права и исполнувањето на меѓународните обврски. Вториот дел го разгледува процесот на УПР, расветлувајќи ја неговата цел, методологијата и значењето во рамките на режимот за човекови права на ООН. Третиот дел се сосредоточува на растечката улога на националните парламенти во процесот на УПП, истражувајќи ги можностите за нивна зголемена вклученост. Четвртиот дел во фокусот го има она што Република Северна Македонија го правела досега во врска со УПП, а документот продолжува со дел што посочува некои успешни примери на парламентарна вклученост од различни земји. Надоврзувајќи се на овие сознанија, последниот дел е заклучок и во него се дадени препораки приспособени на парламентот на Република Северна Македонија со цел тој да го зголеми својот ангажман во процесот на УПП.

1 “Basic Facts about the UPR”.

2 OHCHR, “Universal Periodic Review: The Specific Role of Members of Parliament Before – During – and After the Review”.

# Режим за човекови права на Организацијата на Обединетите нации

Во првата половина на дваесеттиот век, заштитата на човековите права стана позастапена тема на меѓународната сцена, најмногу како реакција на двете светски војни што се случија во тој период. Во рамките на Друштвото на народите, формирано на крајот на Првата светска војна, беа направени обиди да се развие меѓународна правна рамка со механизми за следење што првенствено како цел ја имаше заштитата на малцинствата во новонастанатата ситуација во Европа. Ужасите извршени за време на Втората светска војна дополнително ѝдадоа поттик на меѓународната заедница да воспостави меѓународен систем за заштита на човековите права со обврзувачка природа, што конечно доведе до воспоставувањето на системот за заштита на човековите права на ООН.[3]

Основачкиот документ на овој систем е Универзалната декларација за човекови права, [4] која ја нагласува универзалната природа на човековите права со тоа што признава дека „сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права" (член 1). Со донесувањето на оваа декларација се постави практика, правата што ги содржи таа да се преточат во форма на договори, а државите-членки се обврзани да ги спроведуваат. Така, два меѓународни договора, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, беа донесени во 1966 година и стапија на сила во 1967 година. Заедно со Универзалната декларација, овие два пакта го формираат јадрото на меѓународната правна рамка посветена на човековите права, која понатаму содржи уште многубројни конвенции.[5]

Покрај горенаведените, режимот за заштита на човековите права на ООН вклучува и други институции и механизми насочени кон промовирање и заштита на човековите права, меѓу кои спаѓаат Канцеларијата на високиот комесаријат за човекови права (ОХЦХР), Советот за човекови права (под чие покровителство се спроведува УПП) и десетте договорни тела што го надгледуваат спроведувањето на државните обврски поврзани со човековите права содржани во различните договори и конвенции.[6]

Системот за заштита на човековите права на ОН може да се нарече и режим, бидејќи е збир на норми и инструменти што државите го прифаќаат како обврзувачки. Сепак, генерално може да се забележи дека, иако режимот е поткрепен со многубројни институции, декларации и конвенции, бидејќи се потпира на соработката од страна на главните меѓународни актери – државите, тој е послаб во спроведувањето.[7]

3 United Nations, "International Human Rights Law".
4 Организација на Обединетите нации, „Универзална декларација за човековите права".
5 OHCHR, The United Nations Human Rights Treaty System (Fact Sheet No. 30/Rev. 1), 5-7.

6 United Nations, "Protect Human Rights".
7 Etone, The Human Rights Council; The Impact of the Universal Periodic Review in Africa, 2.

# Универзален периодичен преглед

Советот за човекови права го формираше Универзалниот периодичен преглед во 2006 година за да ја разгледа состојбата со човековите права во сите земји-членки на ОН и тој стана суштински дел од режимот за човекови права на ОН. Заснован е на принципите на универзалност, соработка и еднаков третман на сите земји-членки. Посебна карактеристика на процесот е тоа што се заснова на соработка и интерактивен дијалог помеѓу земјите-членки и им дава одреден степен на контрола врз него. Ова често води до критики од страна на некои експерти кои ја доведуваат во прашање неговата ефикасност и тврдат дека не успева да го реши проблемот што режимот за човекови права на ООН го има со придржување и спроведување од страна на државите.[8]

УПП се сосредоточува на идентификување на предизвиците и можностите за унапредување на човековите права во секоја држава. Со тоа, на земјите-членки им овозможува активно да се вклучат во саморефлексија, да ги истакнат своите напредоци, да ги споделат најдобрите практики, да соработуваат со надворешни и домашни чинители и да преземат заложби за понатамошно подобрување.[9]

Прегледот се одвива на секои четири и пол години. Така, досега имало три прегледи: првиот циклус на прегледот ги опфати годините од 2008 до 2011 година, вториот од 2012 до 2016 година и третиот од 2017 до 2021 година. Четвртиот почна во ноември 2022 и ќе трае до 2027 година.[10] Преку прегледите, се проценува колку државите ги почитуваат нивните обврски за човекови права што произлегуваат од: Повелбата на ООН, Универзалната декларација за човекови права, договорите за човекови прави што ги има ратификувано засегнатата држава, доброволните обврски за човекови права што претходно ги презела засегнатата држава и применливото меѓународно хуманитарно право.[11]

Прегледот на секоја држава се одвива во пет фази. Првата фаза вклучува собирање податоци за состојбата со човековите права во државата што се разгледува и завршува со поднесувањето на три извештаи – извештајот подготвен од страна на државата, ОХЦХР-збирката на ООН-информации (збирка информации содржани во извештаите на независните експертски групи за човекови права на ООН, познати како Специјални постапки, како и на договорните тела и други ентитети на ООН), и ОХЦХР-резимето на информации добиени од засегнатите страни (невладини организации, национални институции за човекови права и регионални организации) за државата што се разгледува. Во втората фаза од прегледот, државата што се разгледува го презентира својот извештај пред работната група на Советот за човекови права (составена од претставници на 47 членки на Советот) во интерактивна сесија за дијалог во Женева, која трае три и пол часа. Во ова време, државата што се разгледува одговара на прашања што можат да бидат поставени од претставниците на која било држава кои присуствуваат на сесијата. Во третата фаза се подготвува извештај со помош на ОХЦХР, кој претставува резиме на интерактивната дискусија за време на прегледот и ги содржи прашањата и препораките дадени од работната група, како и одговорите на државата што се разгледува. Четвртата фаза е дискусијата за исходниот извештај и неговото донесување на пленарната седница на Советот за човекови права. Последната,

8 Etone, The Human Rights Council; The Impact of the Universal Periodic Review in Africa.

9 "Basic Facts about the UPR".

10 "Fourth Cycle of the UPR Starts on Monday".

11 "Basic Facts about the UPR".

петта фаза од прегледот е последователна фаза во која од разгледуваната држава се очекува да ги спроведе прифатените препораки.[12]

Така, по прегледот, државата е одговорна да ги спроведе препораките содржани во исходниот извештај на УПП. Со постоењето на УПП се гарантира одговорноста на сите земји за нивниот напредок или неуспех во областа на човековите права, со тоа што при следниот преглед се очекува државата да обезбеди информации за тоа кои чекори ги презела за да ги спроведе препораките дадени за време на претходниот преглед и прифатените обврски, како и за сите случувања во областа на човековите права во тој период. Меѓународната заедница може да помогне во спроведувањето на препораките со давање на техничка помош и градење на капацитетите во консултација со засегнатата држава. Доколку има постојана несоработка од страна на државата, Советот одлучува кои мерки треба да ги преземе.[13] На национално ниво, парламентот игра клучна улога при надзорот на владиното исполнување на меѓународните обврски и соработката со меѓународните институции.[14]

12 Etone, The Human Rights Council; The Impact of the Universal Periodic Review in Africa.
13 "Basic Facts about the UPR".
14 "Parliaments".

# Улога на националните парламенти во процесот

Заедно со извршната и судската власт, парламентите се една од главните државни институции и се одговорни за заштитата на човековите права поради нивните функции при донесување закони, ратификување договори, утврдување буџети, вршење надзор и застапување на конституентите кои ги избрале и кои се носители на човековите права. Сепак, и покрај тоа што повеќе од 50% од сите препораки што произлегуваат од процесот на УПП бараат законодавна акција (со донесување на правна рамка што ги одразува заложбите на државата, со надзор на спроведувањето на политиките за кои државата се обврзала или со распределување на доволно ресурси за да се олесни тоа спроведување), улогата на парламентите во УПП е особено занемарена.[15]

Во резолуцијата 35/29 од 2017 година,[16] Советот за човекови права одново ја призна клучната улога на националните парламенти во преточувањето на меѓународните обврски во национални политики и закони, како и нивниот придонес во исполнувањето на обврските и зајакнувањето на владеењето на правото. Затоа, преку резолуцијата ги поттикна државите да го промовираат вклучувањето на парламентите во сите фази на процесот на УПП и да известуваат за таквото вклучување во националниот извештај или за време на интерактивната сесија на УПП. Понатаму, преку резолуцијата го охрабри унапредувањето на соработката помеѓу сите релевантни чинители на национално ниво, како што се националните парламенти, националните институции за човекови права и граѓанското општество, со цел промоција и заштита на човековите права и слободи.[17]

15 Chang and Ramshaw, “Strengthening Parliamentary Capacity for the Protection and Realisation of Human Rights”, 19-20.19\\uc0\\u8211{}20.”,”plainCitation”:”Chang and Ramshaw, ‘Strengthening Parliamentary Capacity for the Protection and Realisation of Human Rights’, 19–20.”,”noteIndex”:15},”citationItems”:[{“id”:311,”uris”:[“http://zotero.org/users/10776989/items/YRY5AV39”],”itemData”:{“id”:311,”type”:”report”,”abstract”:”Objectives 2\nMethodology 2 Working with parliaments on human rights 3 Parliaments and human rights: Key practices 4 Findings 6 Key Practice I.Adequate parliamentary structures 6 Key Practice II. Adherence of specialised human rights committees to key principles 8 Key Practice III. Functions of the parliamentary human rights committee 14 Key Practice IV.Working methods of the specialised human rights committee 25 Key Practice V. Developing and maintaining key relationships 28 Key Practice VI. Research and training services 32 Key Practice VII. Effectiveness 34\nConclusion”,”language”:”en”,”publisher”:”Westminster Foundation for Democracy”,”source”:”Zotero”,”title”:”Strengthening Parliamentary Capacity for the Protection and Realisation of Human Rights”,”URL”:”https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/research-wfd-strengthening-parliamentary-capacity-for-the-protection-and-realisation-of-human-rights-synthesis-report.pdf”,”author”:[{“family”:”Chang”,”given”:”Brian”},{“family”:”Ramshaw”,”given”:”Graeme”}],”issued”:{“date-parts”:[[“2017”]]}},”locator”:”19-20”}],”schema”:”https://github.com/citation-style-language/schema/raw/master/csl-citation.json”}

16 OHCHR, “Human Rights Council Resolution 35/29 on the Role of Parliamentarians in the Work of the Human Rights Council”.

17 Исто.”plainCitation”:”Chang and Ramshaw, ‘Strengthening Parliamentary Capacity for the Protection and Realisation of Human Rights’.”,”dontUpdate”:true,”noteIndex”:17},”citationItems”:[{“id”:311,”uris”:[“http://zotero.org/users/10776989/items/YRY5AV39”],”itemData”:{“id”:311,”type”:”report”,”abstract”:”Objectives 2\nMethodology 2 Working with parliaments on human rights 3 Parliaments and human rights: Key practices 4 Findings 6 Key Practice I.Adequate parliamentary structures 6 Key Practice II. Adherence of specialised human rights committees to key principles 8 Key Practice III. Functions of the parliamentary human rights committee 14 Key Practice IV.Working methods of the specialised human rights committee 25 Key Practice V. Developing and maintaining key relationships 28 Key Practice VI. Research and training services 32 Key Practice VII. Effectiveness 34\nConclusion”,”language”:”en”,”publisher”:”Westminster Foundation for Democracy”,”source”:”Zotero”,”title”:”Strengthening Parliamentary Capacity for the Protection and Realisation of Human Rights”,”URL”:”https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/research-wfd-strengthening-parliamentary-capacity-for-the-protection-and-realisation-of-human-rights-synthesis-report.pdf”,”author”:[{“family”:”Chang”,”given”:”Brian”},{“family”:”Ramshaw”,”given”:”Graeme”}],”issued”:{“date-parts”:[[“2017”]]}}}],”schema”:”https://github.com/citation-style-language/schema/raw/master/csl-citation.json”}

Парламентите, а особено нивните работни тела, на пример парламентарните комисии за човекови права, можат да бидат вклучени во УПП на различни начини: преку поттикнување и активно учество во широк национален консултативен процес што треба да му претходи на изготвувањето на националниот извештај; преку подигнување на јавната свест за човековите права, за националниот извештај и за исходниот извештај од УПП; преку олеснување на домашната дебата за извештајот и за тоа кои препораки треба да се прифатат; преку учество на седницата на Советот за човекови права во текот на расправата и при донесувањето на извештајот како дел од владината делегација или како набљудувач; и преку следење на спроведувањето на прифатените препораки помеѓу УПП циклусите.[18]

Покрај овие активности, во периодот пред прегледот, парламентите би можеле да ги поттикнуваат националните институции за човекови права, невладините и граѓанските организации да поднесат свои придонеси за ОХЦХР-резимето на информации од засегнатите страни, како и да ја поттикнуваат извршната власт целосно да ги разгледа и да ги одрази во националниот извештај придонесите добиени од сите засегнати страни во консултациите што му претходат на изготвувањето на извештајот. По прегледот, од извршната власт можат да побараат да обезбеди брифинг за процесот на УПП и за неговиот исход, акциски план за исполнување на обврските за човекови права што произлегуваат од заложбите од УПП и можните национални механизми за следење на спроведувањето. Како дел од националните механизми за следење, парламентите треба да обезбедат последователни парламентарни активности за оние препораки на УПП што бараат парламентарна акција и да ја поттикнат извршната власт да поднесува среднорочен извештај и редовно известување за статусот на спроведување на препораките на УПП.[19]

18 Chang and Ramshaw, 19-20."language":"en","publisher":"Westminster Foundation for Democracy","source":"Zotero","title":"Strengthening Parliamentary Capacity for the Protection and Realisation of Human Rights","URL":"https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/research-wfd-strengthening-parliamentary-capacity-for-the-protection-and-realisation-of-human-rights-synthesis-report.pdf","author":[{"family":"Chang","given":"Brian"},{"family":"Ramshaw","given":"Graeme"}],"issued":{"date-parts":[["2017"]]},"locator":"19-20"}],"schema":"https://github.com/citation-style-language/schema/raw/master/csl-citation.json"}

19 OHCHR, "Universal Periodic Review: The Specific Role of Members of Parliament Before – During – and After the Review".

# Република Северна Македонија во Универзалниот периодичен преглед

Република Северна Македонија го поднесе својот прв извештај на разгледување во февруари 2009 година, а тој беше презентиран во мај 2009 година на петтата сесија на Работната група за УПП. Резултираше со 42 препораки, а исходниот извештај беше донесен на септемвриската седница на Советот за човекови права во 2009 година.[20] Вториот национален извештај беше поднесен во октомври 2013, а презентиран во јануари 2014 година. Исходниот извештај беше донесен во јуни 2014 година и содржеше 104 препораки.[21] Во јануари 2019 година, Република Северна Македонија подлежеше на УПП како дел од третиот и последен циклус што досега е завршен и доби 169 препораки.[22]

Парламентот на Република Северна Македонија и неговите тела не се споменуваат како придонесувачи во подготовката на ниту еден од националните извештаи досега. Во првиот извештај е наведено дека во подготовката учествувале Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор.[23] Во подготовката на вториот национален извештај, покрај Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор, учествувале и Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за остварување на правата на заедниците. Во овој извештај биле вклучени и податоци обезбедени од Советот за радиодифузија и од канцеларијата на Народниот правобранител, а наведено е и дека биле одржани консултации со невладиниот сектор.[24] За третиот извештај е наведено дека бил подготвен од страна на експертска екипа на Меѓуминистерското тело за човекови права и дека биле одржани информативни консултации со граѓански организации во 2018 година.[25]

20 Human Rights Council, "National Report Submitted in Accordance with Paragraph 5 of the Annex to Human Rights Council Resolution 16/21 – The Former Yugoslav Republic of Macedonia", 2013.

21 Human Rights Council, "National Report Submitted in Accordance with Paragraph 5 of the Annex to Human Rights Council Resolution 16/21 – The Former Yugoslav Republic of Macedonia", 2018.

22 OHCHR, "Infographic – North Macedonia".

23 Human Rights Council, "National Report Submitted in Accordance with Paragraph 15 (A) of the Annex to Human Rights Council Resolution 5/1 – The Former Yugoslav Republic of Macedonia".

24 Human Rights Council, "National Report Submitted in Accordance with Paragraph 5 of the Annex to Human Rights Council Resolution 16/21 – The Former Yugoslav Republic of Macedonia", 2013.

25 Human Rights Council, "National Report Submitted in Accordance with Paragraph 5 of the Annex to Human Rights Council Resolution 16/21 – The Former Yugoslav Republic of Macedonia", 2018.

# Примери на добри практики

- Во парламентот на Грузија, Комисијата за човекови права и граѓанска интеграција ја разгледува секоја дадена препорака што произлегува од различни механизми за човекови права и има координативна функција. Во зависност од контекстот, можат да бидат вклучени и Комисијата за европска интеграција, Комисијата за надворешни односи и Комисијата за правни прашања, како и други засегнати комисии.[26]

- Пред да го поднесе конечниот извештај за спроведувањето на препораките до Советот за човекови права, грузиската влада го доставува нацрт-извештајот до парламентот за понатамошно разгледување и расправа на Пленумот, согласно постапка пропишана во парламентарниот деловник.[27]

- Последователните активности на грузискиот парламент исто така можат да се посочат како добра практика – спроведени беа голем број активности со цел зајакнување на родовата еднаквост, вклучувајќи ја и ратификацијата на Истанбулската конвенција и измените и дополнувањата на законите за заштита од семејно насилство и општо насилство врз жените како резултат на препораките на УПП.[28]

- Во парламентот на Нов Зеланд, Комисијата за правда и Комисијата за надворешни работи и трговија имаат широки надзорни надлежности и за работата на министерствата и агенциите вклучени во УПП.[29]

- Парламентот на Малезија повремено води дискусија за УПП за време на дебатите и сесиите за прашања и одговори и покажа интерес за поактивно учество во процесот на УПП во иднина, што веројатно ќе се одвива преку Специјалната избрана комисија на парламентот за основните слободи и уставните права што беше формирана во 2020 година.[30]

- Согласно меморандумот за разбирање потпишан помеѓу Националниот совет за човекови права на Мароко и мароканскиот парламент, во декември 2019 година Националниот совет за човекови права на Мароко коорганизираше работилница на која присуствуваа пратеници, со цел парламентот да се сензибилизира за препораките од УПП и да се решат прашањата поврзани со улогата на парламентот во следењето на спроведување на препораките од УПП. Националниот совет за човекови права на Мароко, исто така, ги обучуваше вработените во парламентот за вклучување на препораките на УПП во нацрт-законите.[31]

- Во Србија, ООН го поддржа парламентот во одржувањето на јавна расправа за националниот извештај за УПП и исходот, а исто така го поддржа учеството на парламентарните претставници во националните механизми за известување и следење.[32]

26 OHCHR, "Study on Emerging Good Practices from the Universal Periodic Review", 16.
27 OHCHR, 16.
28 OHCHR, 16.
29 OHCHR, 16.
30 OHCHR, 16.
31 OHCHR, 17.
32 OHCHR, "UN Good Practices: How the Universal Periodic Review Process Supports Sustainable Development", 13.

# Заклучок и препораки

Парламентите имаат значајна улога во областа на човековите права и владеењето на правото на национално ниво. Поттикнати од Советот за човекови права на ООН, националните парламенти се појавуваат како значајни актери во УПП и имаат сè повидлива и повлијателна улога со тоа што нивното вклучување станува растечка практика во сè повеќе земји. Нивниот ангажман во УПП е од суштинско значење за поттикнување дискусија, промовирање на законодавните реформи и обезбедување на ефективно спроведување на препораките. Како што е објаснето во овој документ, постојат можности националниот парламент да се вклучи во секоја фаза на УПП.

Парламентот на Република Северна Македонија треба да ја препознае својата потенцијална улога и да ги искористи можностите што ги нуди УПП. Пред сè, треба да поттикне широк консултативен процес и активно да се вклучи во него, осигурувајќи се дека националниот извештај правилно ја одразува фактичката состојба на човекови права во државата. За да даде подобар придонес кон извештајот, треба да ја зајакне својата соработка со институциите за човекови права и граѓанското општество. Понатаму, за време на прегледот, пратениците треба да ја искористат можноста да учествуваат на седницата како членови на владината делегација или како набљудувачи. Конечно, по прегледот, парламентот треба да се погрижи за исполнувањето на прифатените обврски и спроведувањето на препораките преку организирање на последователни активности и вклучување во механизми за следење на спроведувањето.

# Извори


- Chang, Brian, and Graeme Ramshaw. "Strengthening Parliamentary Capacity for the Protection and Realisation of Human Rights". Westminster Foundation for Democracy, 2017. https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/research-wfd-strengthening-parliamentary-capacity-for-the-protection-and-realisation-of-human-rights-synthesis-report.pdf.

- Etone, Damian. The Human Rights Council; The Impact of the Universal Periodic Review in Africa. Abingdon and New York: Routledge, 2020.

- Human Rights Council. "National Report Submitted in Accordance with Paragraph 5 of the Annex to Human Rights Council Resolution 16/21 – The Former Yugoslav Republic of Macedonia". United Nations, 2013. https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G13/185/36/PDF/G1318536.pdf?OpenElement.

- ———. "National Report Submitted in Accordance with Paragraph 5 of the Annex to Human Rights Council Resolution 16/21 – The Former Yugoslav Republic of Macedonia". United Nations, 2018. https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G18/343/58/PDF/G1834358.pdf?OpenElement.

- ———. "National Report Submitted in Accordance with Paragraph 15 (A) of the Annex to Human Rights Council Resolution 5/1 – The Former Yugoslav Republic of Macedonia". United Nations, 2009. https://www.ohchr.org/sites/default/files/lib-docs/HRBodies/UPR/Documents/Session5/MK/A_HRC_WG6_5_MKD_1_E.pdf.

- OHCHR. "Basic Facts about the UPR". Accessed 29 May 2023. https://www.ohchr.org/en/hr-bodies/upr/basic-facts.

- OHCHR. "Human Rights Council Resolution 35/29 on the Role of Parliamentarians in the Work of the Human Rights Council", 2017. https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/HRBodies/UPR/Parliaments/NV_UPR_Parliaments_EN.pdf.

- ———. "Infographic – North Macedonia", 2019. https://www.ohchr.org/sites/default/files/lib-docs/HRBodies/UPR/Documents/Session32/MK/Infographic_NorthMacedonia.pdf.

- OHCHR. "Parliaments". Accessed 29 May 2023. https://www.ohchr.org/en/hr-bodies/upr/parliaments.

- ———. "Study on Emerging Good Practices from the Universal Periodic Review", 2021. https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/HRBodies/UPR/Emerging_UPR_GoodPractices.pdf.

- ———. The United Nations Human Rights Treaty System (Fact Sheet No. 30/Rev. 1). New York and Geneva: United Nations, 2012. https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/Publications/FactSheet30Rev1.pdf.

- ———. "UN Good Practices: How the Universal Periodic Review Process Supports Sustainable Development", 2022. https://www.ohchr.org/sites/default/files/2022-02/UPR_good_practices_2022.pdf.

- ———. "Universal Periodic Review: The Specific Role of Members of Parliament Before – During – and After the Review", 2020. https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/HRBodies/UPR/TIPs_Members_Parliament.pdf.

- United Nations. "International Human Rights Law: A Short History". United Nations. United Nations. Accessed 14 June 2023. https://www.un.org/en/chronicle/article/international-human-rights-law-short-history.

- ———. "Protect Human Rights". United Nations. United Nations. Accessed 29 May 2023. https://www.un.org/en/our-work/protect-human-rights.

- UPR info. "Fourth Cycle of the UPR Starts on Monday". Accessed 13 June 2023. https://www.upr-info.org/en/news/fourth-cycle-upr-starts-monday.

- Организација на Обединетите нации. „Универзална декларација за човековите права", 1948. https://www.ohchr.org/sites/default/files/UDHR/Documents/UDHR_Translations/mkj.pdf.

Институт
за
европска
политика.
Скопје